**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-589/7**

**Скопје, 08.11.2005 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ГАЗИ БАБА„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Гази Баба за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Гази Баба за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

Борче Стефановски, градоначалник на општина Гази Баба од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 25.05. до 07.06.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, ревизор
- Билјана Сурлевска, ревизор и
- Катерина Чаловска , помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.10.2005 година со писмо број 11- 589/4 од 04.10.2005 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано следното :

- забелешките на точките 10.1.1; 10.2.1.;10.3.1.;10.3.2.;10.4.1. и 10.4.2. не се прифаќаат,
- забелешкате на точка 10.1.2.; 10.1.3.; делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1.Не е покрената иницијатива ниту е извршено усогласување на Статутот и на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места согласно членовите 57, 58, 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа.

**Препорака:**

Надлежните одделенија во што пократок рок да извршат усогласување на постојните акти со важечката законска регулатива.

11.1.2. Советот на Општина Гази Баба нема донесено Програма за улично осветлување и Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици на општина Гази Баба за 2004 година со конкретизирани активности по објекти. Недонесувањето на овие програми овозможува работење без однапред утврдени приоритети и намени, без јасно утврдени критериуми при избор на објектите кои се предмет на реализација во тековната година.

**Препорака:**

Да се почитуваат законските одредби да се изготвуваат и да се донесуваат Програми во кои ќе се планираат активности по објекти за тековната година.

11.1.3. Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2004 година не е усвоена од страна на Советот во законски утврдениот рок согласно член 27 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, од причина што истата

не била поставена на дневен ред на Советот. Новиот состав на советниците ја усвоил годишната сметка, иако рокот за усвојување бил поминат.

Донесениот буџетски документ претставува законска рамка кон која треба да се придржува градоначалникот, и за своите активности редовно да го известува Советот .

**Препорака**

Годишната сметка на Буџетот да се донесува во законски утврдениот рок согласно член 27 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Не е извршен попис на побарувањата од правни и физички лица по основ надомест за уредување на градежно земјиште со состојба на ден 31.12.2004 година, спротивно на одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Неизвршувањето на пописот значи неутврдување на реалната состојба на побарувањата, следење на доспеаноста на истите и преземање мерки за наплата. Ова укажува на недоволната кординација и соработка помеѓу комисијата за попис и службата за сметководство, како и нецелосно извршување на задачите утврдени со решението за вршење на попис од страна на Комисијата за попис .

**Препорака:**

Да се изготват интерни акти за спроведување на пописот кои при вршење на пописот за Комисијата ќе претставуваат водич со цел да се изврши целосен и квалитетен попис.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.3.1. Поради погрешна сметководствена евиденција, ревизијата утврди нереално искажување на приходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за класификација на приходите. Поради ова преценета е ставката Даночни приходи во износ од 4,906 илјади денари за кој износ е потценета ставката Трансфери и донации поради погрешна евиденција на:

- 3,906 илјади денари пристигнати од Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ во 2004 година, а по програма на Фондот од 2003 година;
- 1,000 илјади денари доделени на општина Гази Баба согласно Одлуката на Владата на РМ бр. 23-4437/1 од 13.12.2004 година.

**Препорака:**

Евиденцијата на приходите да се врши согласно законските прописи и Правилникот за класификација на приходите.

11.3.2. Од сметката на буџетот директно се исплатени средства во износ од 2,942 илјади денари и тоа:

-спонзорства 398 илјади денари
-трансфери кон МЗ 2,364 илјади денари
-плаќање на фактури 180 илјади денари

Ваквиот начин на исплата е спротив на Законот за буџетите поточно на одредбите од член 4-з од истиот Закон. Овој начин на исплата е практикувана форма кај некои од единиците на локалната самоуправа и се должи на долгогодишна усталена пракса без да се имаат во предвид законските одредби.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите и да не се вршат директни исплати од буџетот на единицата на локална самоуправа но исплатите да се вршат преку сметката на органот.

**11.4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба**

11.4.1. Позицијата Природни богатства во Билансот на состојбата е преценета за износ од 3.205.519 илјади денари и за истиот износ е прецента и позицијата Извори на капитални средства. Во евиденцијата на општина Гази Баба, евидентирано е земјиште, чија вредност е утврдена на износ од 3,205,519 илјади денари. Вредноста е утврдена

врз основа на писмено известување од Управата за Јавни приходи за 2003 година на основа вредноста на земјиштето што се зема како основица за пресметување на данокот на промет на недвижности.
За евидентираното земјиште во евиденцијата на општината, општината нема документација за сопственост, нема имотни листи за катастарска припадност на земјиштето, утрините, за големината на истото како и за место локацијата и катастарската класа од овие причини состојбата на оваа позиција е нереална.
**Препорака:**
Надлежното одделение да пристапи веднаш кон добивање на имотни листи од кои ќе се утврди дали општина Гази Баба располага со земјиште, за какво земјиште се работи, а во зависност од тоа по потреба надлежната служба да изврши корекција на оваа позиција односно реално прикажување на истата.

11.4.2. Општина Гази Баба врши наплата на придонесот за комуналии на рати согласно Одлуката на Советот на општина Гази Баба. Наплатата може да биде најмногу на дванаесет рати, а плаќањето на рати се обезбедува со граѓански чекови, барирани чекови и банкарски гаранции. Во книговодствената евиденција евидентирани се побарувања по основ на придонес за комуналии во износ од 11.317 илјади денари од правни и физички лица на кои рокот за плаќање им е поминат, а од страна на надлежните служби не се преземени мерки за наплата. Ревизијата утврди дека овие побарувања не се обезбедени со инструменти за одложено плаќање, а од изјави на одговорните лица бевме известени дека инструментите за обезбедување се наоѓале кај Градоначалникот кој при заминување од функцијата не направил примопредавање на истите. Истите не се евидентирани во евиденцијата на општината ниту пак е извршен попис на истите. Непревземањето на мерки за наплата може да доведе до застарување на рокот за наплата и неможност за наплата на побарувањата.
**Препорака:**
Надлежното одделение под хитно да преземе мерки за наплата на доспеаните побарувања по основ на комуналии согласно позитивните законски одредби, како не би се довеле во ситуација истите да застарат како и да се преземат мерки за пронаоѓање и активирање на инструментите за обезбедување на плаќањата на рати доколку се обезбедени.

12.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точка 11.4. е преценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од за 3,205,519 илјади денари.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Гази Баба на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14.Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.4., кај Буџетот на Општина Гази Баба не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Гази Баба за 2001 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 9.5. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 26.08.2005 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС ГАЗИ БАБА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 69,334 | 32,246 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 630 | 233 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 35,182 | 10,679 |
| **Вкупно приходи** | | **105,146** | **43,158** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 11,796 | 11,480 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 13,565 | 4,598 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 6,815 | 2,214 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **32,176** | **18,292** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 69,556 | 9,691 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **69,556** | **9,691** |
| **Вкупно расходи** | | **101,732** | **27,983** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3,414** | **15,175** |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **0** | **0** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**БУЏЕТ НА ЕЛС ГАЗИ БАБА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3,584 | 15,974 |
| Побарувања | 4.1.2. | 14,371 | 25,150 |
| **Вкупно тековни средства** | | **17,956** | **41,124** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Природни богатства | 4.2.1. | 3,205,519 | 3,205,519 |
| **Вкупно капитални средства** | | **3,205,519** | **3,205,519** |
| **Вкупна актива** | | **3,223,475** | **3,246,643** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 17,785 | 40,953 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **17,785** | **40,953** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 3,205,519 | 3,205,519 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **3,205,519** | **3,205,519** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.4.2. | 171 | 171 |
| **Вкупна пасива** | | **3,223,475** | **3,246,643** |